Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.50/02), а согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), решавајќи по Барањето на АДГ АБ Акционерско Друштво Градежно Скопје, со седиште на ул.Скупи бб, Злокуќани и Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Техно Павер ДООЕЛ, со седиште на ул.Скупи 20 бр.5, за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план бр.08-1238/10 од 31.08.2010 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ВРШИ ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС** на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08-1238/10 од АДГ АБ Акционерско Друштво Градежно Скопје на Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Техно Павер ДООЕЛ Скопје
2. Решението за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план ќе се објави во еден дневен весник, во рок од 10 (десет) дена од денот на издавањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Град Скопје на ден 31.08.2010 година донесе Решение за издавање на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-1238/10, на производната инсталација АДГ АБ Акционерско Друштво Градежно Скопје.

Согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), како и Правилникот за постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на Република Македонија, бр.112/14), на 14.08.2017 АДГ АБ од страна на Акционерско Друштво Градежно Скопје и Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Техно Павер ДООЕЛ Скопје, до Град Скопје, доставено е заедничко Барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-6157/1, како и Дополнување на барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-6157/2 од 13.11.2017 година.

Постапувајќи според член 118 став 3 од Законот за животна средина, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 157/13, 42/14 44/15,129/15, 192/15 и 39/16), против ова Решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање, во

рок од 15 дена од денот на приемот на Решението. Жалбата подлежи на административна такса во износ од 200,00 денари.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на ______________година, Под број **17/08-6157/4.**

Доставено до:
- Архива
- Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги Техно Павер ДООЕЛ Скопје
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање

**Градоначалник на Град Скопје**
**Петре Шилегов**